РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-4930/1
26.11.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# МИСЛЕЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ЗА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИУМИ ОД 07.11.2024 ГОДИНА

Во врска со Предлог-Законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми, што на 07.11.2024 година, Министерството за дигитална трансформација го објави на ЕНЕР, укажуваме на следното:

Агенцијата смета дека онлајн медиумите- интернет портали треба да бидат предмет на регулација со оглед на нивната улога и влијание врз формирањето на јавното мислење, како и нивниот се позначаен удел во медиумскиот пазар.

Во врска со конкретните предлози, сакаме да укажеме на следново:

1. Членот 1 од Предлогот за изменување, со кој точката 3 од член 2 став 1 се менува и гласи *„Издавач на медиум е правно лице кое врши дејност на издавање на печатен медиум, емитување на радио и телевизиски програми (радиодифузери) или публикување информативни содржини преку онлајн медиуми – интернет портали, како и физичко или правно лице кое врши агрегирање вести на посебни интернет страници или мониторирање на медиумите на начин што остварува приходи од давање на овие онлајн услуги“*:

   - Со предложената измена *„Издавач на медиум е правно лице ....“* се брише можноста физички лица да се јават како издавачи на медиуми, што не е во согласност со европската регулатива и пракса. Претпоставуваме дека станува збор за ненамерна грешка со оглед на тоа дека во член 2 од Предлогот за изменување, утврдено е дека “*правно или* ***физичко лице*** *може во Република Северна Македонија да врши дејност на публикување...“;*
   - Согласно предлогот правните лица кои публикуваат информативни содржини преку онлајн медиум-интернет портал ќе се сметаат за издавачи на медиум, меѓутоа треба да се има предвид дека медиумите имаат 3 функции: информативна, образовна и забавна што значи дека издавачите на медиуми, освен информативни можат да публикуваат и забавни и образовни содржини;
   - *„Физичките или правните лица кои вршат агрегирање вести на посебни интернет страници“* не ги креираат содржините туку само ги агрегираат веќе објавените содржини на онлајн медиумите-интернет портали поради што се отвара сериозна дилема дали да се сметаат за издавачи на медиум или е посободветно законот да ги препознае како субјекти (со поинаков статус од онлајн медиуми-интернет портали) и за нив да се утврдат обврски од аспект на заштита на малолетници и посебните забрани посочени во член 48 од ЗААВМУ со оглед на тоа што објавуваат комерцијални комуникации;
   - Правни лица што вршат дејност “*мониторирање на медиумите на начин што остваруваат приходи од давање на овие онлајн услуги“* е многу конфузна формулација и е неопходно да се прецизира на што точно се мисли.

2. Во врска со членот 2 од Предлогот за изменување, со кој во членот 5 се додава нов став (4) кој гласи *„(4) Правно или физичко лице може во Република Северна Македонија да врши дејност на публикување информативни содржини во вид на текст, аудио или аудиовизуелен формат преку онлајн медиум – интернет портал, доколку дејноста ја впише во Централниот регистар на Република Северна Македонија, има седиште и уредништво во Република Северна Македонија,* ***има најмалку две (2) лица во редовен работен однос и поседува мк-домејн****“*:

   - Агенцијата смета дека доколку се утврдуваат минимални кадровски услови за онлајн медиумите – интернет порталите, посободветно е тие да претставуваат услов за издавачот на

медиум да биде евидентиран во регистарот на издавачи на онлајн медиуми – интернет портали, наместо да претставуваат основен услов за вршење на дејноста. Во таа смисла е нужно да се додаде нов став во кој ќе се утврди дека Агенцијата нема да го впише издавачот на медиум во регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали доколку не достави доказ дека ги исполнува минималните кадровски услови, односно дека има најмалку две (2) лица во редовен работен однос.

Во врска со предлогот од членот 2 од Предлогот за изменување, регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали да содржи и податоци за *„сопственикот на мк-доменот“*:

- Македонската академска истражувачка мрежа МАРнет не користи термин “сопственик на мк.домен“, што е видливо од Регистарот на домени што го води, како и од „Правилникот за организацијата и управувањето со врвниот македонски .МК домен и врвниот македонски .МКД домен“ на МАРнет. Од овие причини потребно е терминологијата соодветно да се усогласи.

3. Во Предлогот за изменување на Законот за медиуми нема предвидено обврска за издавачите на онлајн медиуми – интернет портали да обезбедат јавност во работењето согласно членот 15 од Законот за медиуми. Имајќи превид дека оваа обврска е клучна во обезбедувањето транспарентност за сите медиуми, и онлајн медиумите-интернет порталите не треба да бидат изземени од неа, напротив и тие треба да обезбедат јавност во работењето.

4. За сите прекршувања на Законот треба да има казнени одредби, односно во Предлог законот соодветно да се предвидат казнени одредби и за новите субјекти (онлајн медиумите – интернет портали), бидејќи на пример, постојната казнена одредба за членот 6 – обврска за обезбедување на заштита на малолетните лица, се однесува само за печатените медиуми.

Воедно сметаме дека е многу важно да посочиме дека покрај овие измени, во скоро време е нужно да се направат и посеопфатни измени на Законот за медиуми за да се обезбеди усогласување на овој закон со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, но и со Европскиот акт за слобода на медиуми и евентуално други релевантни европски прописи.